Број на Службен весник: 194/2014
Датум на објавување: 25.12.2014

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014 и 132/2014) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.12.2014 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОИ НЕ СЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРАНИ ЗА 2015 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Со Законот за здравствено осигурување е уредено здравственото осигурување на граѓаните, правата и обврските од здравственото осигурување, како и начинот на спроведување на здравственото осигурување. Здравственото осигурување се установува како задолжително и доброволно осигурување. Задолжителното здравствено осигурување се установува за сите државјани на Република Македонија заради обезбедување на здравствени услуги и парични надоместоци врз начелата на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата под услови утврдени со Закон.

Со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се уредуваат видовите на придонеси за задолжителното социјално осигурување, обврзниците за плаќање на придонеси, обврзниците за пресметка и уплата на придонеси, основиците на кои се плаќаат придонеси, стапките на придонеси, начинот на пресметка, роковите на плаќање на придонеси, контрола на пресметување и уплата на придонеси како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на придонесите.

## 2. МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА

Со Законот за здравствено осигурување се утврдува кои категории на лица се задолжително здравствено осигурани меѓу кои се и државјаните на Република Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување.

Со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, горепосочената категорија на граѓани на Република Македонија се утврдуваат како обврзници за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување, а како обврзник за пресметување и уплатување на придонесот е Министерството за здравство.

3. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Со донесувањето на оваа програма се обезбедуваат услови за плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување. Министерството за здравство како обврзник за пресметување и уплатување на придонесот за задолжително здравствено осигурување ќе може на месечна основа да го плаќа придонесот. Согласно тоа, овие лица ќе имаат редовно уплатен придонес и со тоа непречено користење на здравствените услуги односно здравствената заштита.

4. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Според податоците добиени од Фондот за здравствено осигурување на Македонија, државјани на Република Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување се околу 221.000, а придонесот за задолжително здравствено осигурување на месечно ниво, за еден осигуреник е 840,00 денари.

5. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За пресметување и уплатување на придонесот за задолжително здравствено осигурување според оваа програма, обезбедени се средства во износ од 2.206.000.000,00 денари од Буџетот на Република Македонија за 2015 година, од кои ќе бидат измирени и заостанатите обврски од 2014 година.

6. МОНИТОРИНГ НА ПРОГРАМАТА

Следење на спроведување на Програмата за плаќање придонес на државјаните на Република Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2015 година врши Министерството за здравство и по потреба ја известува Владата на Република Македонија.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-9917/1
21 декември 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.